| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | **Урбанистички план за село Рибарци –Општина Новаци.** |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | **Иванов инженеринг ДОО Битола** |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | **Градоначалник** |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | **Натали Ташевска Гулевска** |
| Назив на работното место | **Планер** |
| Контакт податоци за лицето | Тел: 070-395-379 |

| |
|---|
| Основни податоци за планскиот документ |
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) |
| **Урбанистичкиот план за село Рибарци –Општина Новаци е изработен согласно Законот за урбанистичко планирање ( Службен весник на РС Македонија бр.32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 225/20,219/21 и 104/22).** |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? |
| **Се донесува нов плански документ.** |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување. |
| **/** |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА – наведете ја областа. |
| **Да,просторно и урбанистичко планирање** |
| Дали планскиот документ е определен со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен (пр. член 3 точка 1 алинеја 5) |
| **Не** |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен, наведете за каков проект станува збор. |
| **Не** |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животната средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. |
| **Не** |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |
| **Според заклучоците од анализата на постојната состојба , Планската програма и поставките и насоките дадени со Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од просторниот план на РМ , можностите за просторен развој треба да се движат во следните насоки:**<br>**-Усогласување на урбанистичкиот план со заклучните согледувања согласно Условите за планирање на просторот**<br>**-Дефинирање на единици на градежно земјиште за просторна дистрибуција на планираните намени и дефинирање на плански услови за организација , уредување, изградба развој и користење на земјиштето и градбите застапени со планираните основни намени**<br>**-Усогласување и надоврзување на усвоените плански документи**<br>**-Дефинирање на примарна и секундарна сообраќајна инфраструктура – улична мрежа и пристапи до единиците на градежно земјиште формиани во рамките на планскиот опфат**<br>**-Оптимално димензионирање на системите на комунална инфраструктура**<br>**-Оформување на урбанистичка функционална целина која ќе претставува континуитет во урбанизирањето на просторот**<br>**-Услови за хумано живеење и работа на граѓаните**<br>**-Услови за зголемување на вредноста на земјиштето и степенот на** |

**уреденост на просторот**
**-Дефинирање на заштитни коридори на инфраструктурни водови**

Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)

**Планирање на просторот**

Периодот на донесување на планскиот документ

**Урбанистичкиот план за село Рибарци се донесува за период 2022-2032 година.**

Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?

**Не е предвидено.**

Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)

**Прилог бр.1 Село Рибарци**



| | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. | x | |

<table>
<tr><td colspan="2">Дали е приложена копија од целите?</td><td></td><td>x</td></tr>
<tr><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td colspan="4">Резиме на влијанијата врз животната средина<br><br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)</td></tr>
<tr><td colspan="4">Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ можат да настанат од: несоодветното управување со генерираниот отпад , отпадните води ,влијанија врз амбиенталниот воздух.<br>Влијанијата кои се претпоставува дека можат да произлезат со имплементацијата на овој план може да се разгледуваат од аспект на идни бенефиции односно позитивни влијанија.</td></tr>
<tr><td>Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата</td><td colspan="3">Просторот кој е предмет на изготвување на оваа планска документација е со намена А1-домување во станбени куќи и Г-лесна и незагадувачка индустрија.<br>Со реализацијата на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот.</td></tr>
<tr><td>Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето</td><td colspan="3">Со имплементација на овој плански документне не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето.</td></tr>
<tr><td>Прекугранична природа на влијанијата</td><td colspan="3">Имплементацијата на овој плански документ нема прекугранични влијанија врз животната средина.</td></tr>
<tr><td>Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)</td><td colspan="3">Нема ризици по животот и здравјето на луѓето и животната средина по однос на несреќи кои би можеле да се случат.</td></tr>
<tr><td>Опсег и просторен обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)</td><td colspan="3">Нема.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:</td></tr>
<tr><td colspan="4">Со планскиот документ ќе се добие позитивен ефект во контекст на економските исоцијалните влијанија.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Областа со реализација на планираниот објект ќе добие зголемена вредност.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Посебни природни карактеристики или културно наследство</td><td colspan="2">Согласно изработените заштитно конзерваторските основи за културно наследство изработени од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј Битола постојат</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td></td><td>археолошки локалитети<br>- Тумба 1 -Црква Св. Ѓорги<br>- Тумба 2<br>Кои претставуваат значајно културно наследство</td></tr>
<tr><td>Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или гранични вредности</td><td>Нема влијанија врз квалитетот на животната средина и здравјето на луѓето, ниту пак ќе дојде до надминување на граничните вредности</td></tr>
<tr><td>Интензивна употреба на земјиштето</td><td>Начинот на употреба на земјиштето е обележан со следните класи на намени , односно поединечни намени на градбите:<br>-А1-стамбени куќи во состав на селски стопански двор<br>-Б1-мали комерцијални и деловни објекти -дуќани<br>-Г4- складови<br>Е1-комунална инфраструктура</td></tr>
<tr><td>Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја</td><td>Просторот нема посебни пејсажни вредности</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите</td></tr>
<tr><td colspan="2">Со планскиот документ предвидена е изградба на објекти за домување и објекти со намена Г- лесна индустрија.Со планот се создаваат услови за развој на локалната економија и ефектуирање на даночната обврска на сопствениците за плаќање на данок на имот што претставува значаен извор на приход на локалната самоуправа.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете ја околината во близина на проектот, односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални објекти)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Планскиот документ предвидува изградба на резиденцијални објекти А1 стамбени куќи во состав на селско-стопански двор, објекти со намена Г2-лесна индустрија, Г4-складови, Б1-мали комерцијални и деловни објекти – дуќани В1-образование-основно училиште, Е1- комунална инфраструктура. Предвидените содржини , особено објектите за изградба со намена Г„-лесна индустрија може да имаат влијание врз животната средина кое ќе се контролира со примена на соодветните мерки и активности од документацијата од областа на животната средина.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина, особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој<br>(да се наведе дали обемот на планскиот документ продонесува кон одржливоста и намалувањето на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина, отколку некој образовен план на наставните планови)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Имплементацијата на планскиот документ нема значително влијание врз животната средина .<br>Во поглед на промовирањето на руралниот развој, имплементацијата на</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| **планскиот документ ќе има позитивни влијанија во смисла на заживување на регионот .** | | |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ? Објаснете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои можат да го забават неговото спроведување, како и проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.) | | |
| **Нема еколошки проблеми релевантни за планскиот документ .** | | |
| Објаснете како планскиот докумет кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документи во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документи и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена. | | |
| **Изготвен е врз основа на условите за планирање на Просторниот план на РМ.<br>Ваков тип активности се во согласност со:<br>- Национална стратегија за одржлив развој 2009.-2030.<br>-Стратегијата за управување си води во РМ 2008-2020<br>-Национален план за управување со отпад<br>-Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина<br>-Стратегија и мониторинг на животната средина** | | |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ. | | |
| **За планскиот документ нема претходно спроведено стратегиска оцена.** | | |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>**Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина , како и Законот за заштита на природата , правните или физичките лица кои вршат дејности или активности кои не спаѓаат во во проектите за кои се спроведува постапка за оценка на влијанието врз животната средина се должни да изработат Елаборат за заштита на животната средина , пред да започнат , со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина , пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на проектот.** | | |
| | | |
| ИЗЈАВА | Потврдуваме дека информациите дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. | |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | **Градоначалник,<br>Стевче Стевановски** | |
| Датум<br>06,07, 2023.<br>Н о в а ц и | м.п. | |